26604

ПРИЛЕП

# СОБИР НА УМЕТНИЦИ ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ

**● Уметниците од повеќе земји во светот веќе пристигнуваат во Прилеп ● Денес почнува симпозиумот „Мермер“ и Десеттото интернационално студио за пластика во дрво**

**ПРИЛЕП, 10 ЈУЛИ.** — Во Прилеп, град под легендарните Маркови Кули, почна „Прилепското уметничко лето“. Веќе пристигнаа првите ликовни уметници од Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, кои ќе учествуваат на годинашнава интернационална сликарска колонија. На оваа традиционална културно-уметничка манифестација ќе учествуваат уште околу 15 сликари од разни земји.

**СО УЧЕСТВОТО НА** бројни уметници од целиот свет, Прилеп се збогати со над 250 вредни уметнички дела што се чуваат во галеријата на манастирот „Свети Архангел и Михаил“, а околу 60 скулптури во мермер и исто толку во дрво, се изложени на градските шеталишта и во производните хали на Дрвно-индустрискиот комбинат „Црн Бор“.

**ВО РАМКИТЕ НА ПРИЛЕПСКОТО** „Уметничко лето“ денес почнува со работа 18-от симпозиум „Мермер“ и Десеттото интернациолано студио за пластика во дрво, што се одржуваат под покровителство на работните организации „Црн Бор“ и Мермерниот комбинат. Овие две манифестации на најдобар можен начин ќе придонесат за афирмација во размената на трудовите меѓу уметноста и стопанството. Не само што овие две организации на здружен труд годишно одделуваат над 500 илјади динари за финансирање на овие манифестации, туку обезбедуваат и материјал за работа на уметниците. Комбинатот „Црн бор“ им дава првокласно дрво, а Мермерниот комбинат на далеку прочуениот по својот квалитет и белина мермерот „сивец“.

ВЕЧЕР, ★ 10 јули 1980 година ,5292, 13,